**МАКЕДОНСКИ РЕВИЗОРСКИ ЦЕНТАР ДОО СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ДО СОДРУЖНИЦИТЕ НА АД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВАРДАР КРОАЦИА СКОПЈЕ

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АД за осигурување на живот Вардар Кроациа - Скопје ("Друштвото"), кои што го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31. Декември 2006 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**МАКЕДОНСКИ РЕВИЗОРСКИ ЦЕНТАР ДОО СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
ДО СОДРУЖНИЦИТЕ НА
АД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ
ВАРДАР КРОАЦИА СКОПЈЕ (ПРОДОЛЖУВА)**

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото заклучно со 31. Декември 2006 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје, 2.Мај 2007

**Овластен ревизор**
Антонио Велјанов

Друштво за ревизија сметководствено-финансиски и консалтинг услуги МАКЕДОНСКИ РЕВИЗОРСКИ ЦЕНТАР Петра Антонио и Марко-ДОО СКОПЈЕ МРЦ

**Директор**
Антонио Велјанов

**АД за осигурување на живот**
**ВАРДАР КРОАЦИА Скопје**

# Биланс на успех за 2006 година

| Опис | Белешка | | (000) Износ (МКД) |
|---|---|---|---|
| | | **2006** | **2005** |
| **ПРИХОДИ** | 3.1, 4.1 | | |
| Приходи од работи на осигурување | 3.1 (а), 4.1.1 | 33.269 | 7.952 |
| Финансиски приходи | 3.1 (б), 4.1.2 | 4.631 | 4.108 |
| Проходи од организационен фонд | 3.1 (в) 4.1.3; 9 | 14.212 | 11.810 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | 52.112 | 23.870 |
| **РАСХОДИ** | 3.2, 4.2 | | |
| **Издатоци за осигурени случаи** | 4.2,1 | | |
| Издатоци за штети | 3.2 (а) 4.2.1 | 420 | 0 |
| Промена во техничките резерви | 3.2 (а) 4.2.1 | | |
| *Промена во математичката резерва* | | 23.604 | 5.655 |
| *Промена во резерви за штети* | | 163 | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | 24.187 | 5.655 |
| Деловни расходи | 3.2 4.2.2; 9 | | |
| Трошоци на осигурувањето | 3.2 (b) 4.2.2; 9 | 12.976 | 4.435 |
| Амортизација | 3.2 (b) 4.2.2; 9 | 908 | 864 |
| Трошоци на материјали и услуги | 3.2 (b) 4.2.2; 9 | 1.141 | 1.343 |
| Трошоци на вработени | 3.2 (b) 4.2.2; 9 | 6.822 | 5.507 |
| Останати трошоци | 3.2 (b) 4.2.2; 9 | 3.526 | 4.674 |
| **Вкупно деловни расходи** | | 25.373 | 16.822 |
| Финансиски расходи | 3.2 (в), 4.2.3 | 1 | 61 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | 49.560 | 22.538 |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | 2.552 | 1.332 |
| ДАНОК НА ДОБИВКА | 3.3, 4.3. | 124 | 0 |
| **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | 2.428 | 1.332 |

**27.02.2007**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**
**ЖЕЉКО ЈУКИЌ**

ВАРДАР КРОАЦИА СКОПЈЕ

**АД за осигурување на живот**
**ВАРДАР КРОАЦИА Скопје**

## Биланс на состојба
## на ден 31 Декември 2006 година

| Опис | Белешка | 2006 | (000) Износ (МКД) 2005 |
|---|---|---|---|
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 3.6, 5.1. | 3.225 | 6.961 |
| Хартии од вредност | 5.2. | 54.500 | 35.000 |
| Краткорочни финансиски средства | 3.5, 5.4 | 27.582 | 15.765 |
| Побарувања од заедничко работење и други побарувања | 5.5. | 785 | 1.486 |
| Други краткорочни побарвања | 5,6 | 22 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 5,7 | 16 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | 86.131 | 59.212 |
| **Долгорочни финансиски вложувања** | | | |
| Вложувања во хартии од вредност | 5,3 | 1.073 | 0 |
| **Материјални и нематеријални средства** | 3.4, 5.8. | | |
| Набавна вредност | | 3.795 | 3.795 |
| Исправка на вредноста | | 1.772 | 864 |
| Сегашна вредност | | 2.023 | 2.931 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 89.227 | 62.142 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски помоснов на штети | | 1 | 0 |
| Обврски спрема добавувачи, и др. | 5,9 | 3.391 | 2.235 |
| Обврски по основ нераспределен капар и нераспределена премија | 5,10 | 2.742 | 1.164 |
| Обврски по основ даноци | 4,3 | 157 | 14 |
| Одложено признавање на приходи | 5,8 | 1.519 | 2.055 |
| Вкупно тековни обврски | | 7.811 | 5.468 |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | 3.7, 6.1 | 45.975 | 45.975 |
| Законски резерви | 6,2 | 1.332 | |
| Останати резерви | | | |
| Акумулирана добивка | | | |
| Добивка од тековна година | 3.7, 6.2 | 2.428 | 1.332 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | 49.735 | 47.307 |
| **Технички и останати резерви** | | | |
| Преносни премии | 3.7 5,12 | 236 | 92 |
| Резерви за штети | 3,7 5,13 | 163 | 0 |
| Математичка резерва | 3.7, 7 | 29.259 | 5.655 |
| Организационен фонд | 7,2; 9 | 2.023 | 3.620 |
| Вкупно технички останати резерви | | 31.681 | 9.367 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ, КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | 89.227 | 62.142 |

**АД за осигурување на живот**
**ВАРДАР КРОАЦИА Скопје**

## Извештај за паричните текови во 2006 година

| **Опис** | | **(000)**<br>**Износ (МКД)** |
|---|---|---|
| | **2006** | **2005** |
| ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ | | |
| НЕТО ДОБИВКА | 2.428 | 1.332 |
| **Усогласување** | | |
| Амортизација | 908 | 864 |
| Зголем./намал. на останатите побарувања | 679 | -110 |
| Зголем./намал. на платени трошоци на идниот период и недоспеана наплата на приходи | -16 | 0 |
| Зголем./намал. на математичката резерва | 23.604 | 5.655 |
| Зголем./намал. на резервите за штети | 163 | 0 |
| Зголем./намал. на преносните премии | 144 | 92 |
| Зголем./намал на останатите тековни обврски | 1.158 | 2.235 |
| Зголем./намал. на обврските по основ на нераспределен капар и нераспределена премија | 1.578 | 1.164 |
| Зголем./намал. на обврските по основ даноци | 144 | 14 |
| Зголем./намал на одложените плаќања на трошоци и приходи на идниот период | -536 | 679 |
| **Паричен тек од деловни активности** | 30.252 | 11.926 |
| **ВЛОЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Набавка на основни средства | 0 | -3.795 |
| Зголем./намал на вложувањата во хартии од вредност | -20.573 | -35.000 |
| Зголем./намал. на краткорочните депозити во банки | -11.817 | -15.765 |
| **Паричен тек од вложувачки активности** | -32.390 | -54.560 |
| **ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Зголем./намал. на останатите ставки | -1.597 | -11.810 |
| **Паричен тек од финансиски активности** | -1.597 | -11.810 |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | -3.736 | -54.445 |
| ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА 01.01.2005 ГОДИНА | 6.961 | 61.405 |
| ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА 31.12.2005 ГОДИНА | 3.225 | 6.961 |

АД за осигурување на живот
ВАРДАР - КРОАЦИА Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ

| Опис | акционерски капитал | | резерви на сигурност | акумул-ирана добивка | добивка од тековна година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број на акции (обични) | износ МКД (000) | | | | |
| **СОСТОЈБА НА 31.12.2005 ГОДИНА** | 7.500 | 45.975 | | | | 45.975 |
| **Распределба на добивката од 2005** | | | | | | |
| Резерви на сигурност | | | 1.332 | | | 1.332 |
| **Добивка за тековната деловна година** | | | | | 2.428 | 2.428 |
| **СОСТОЈБА НА 31.12.2006 ГОДИНА** | 7.500 | 45.975 | 1.332 | | 2.428 | 49.735 |

**ВАРДАР - КРОАЦИА Скопје**